# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА СО ФОКУС НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА

Проектот го спроведува
МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА
15 години

Партнери на проектот:
СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
НВО „КХАМ“ - Делчево
NGO KHAM“ - Delchevo

**Издавач**
Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП)

**За издавачот**
Тетјана Лазаревска, Извршен директор

**Автори**
Јован Близнаковски
Миша Поповиќ

**Лектура**
Марјан Патлиџанковски

**Дизајн и подготовка**
Кома Дизајн

Скопје, јуни 2013 г.

ISBN 978-608-65553-2-0

CIP - Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

331.5:339.132/.133(497.711)"2011/12"(047.31)

БЛИЗНАКОВСКИ, Јован
Анализа на пазарот на труд во Источниот регион на Македонија со фокус на
жените од етничките малцинства / [автори Јован Близнаковски,Миша Поповиќ]. - Скопје :
Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП), 2013. - 48 стр. : табели, граф. прикази ;
20 см

Библиографија: стр. 48. - Содржи и: Прилог 1-3

ISBN 978-608-65553-2-0
1. Поповиќ, Миша [автор]
а) Пазар на труд - Македонија - 2011-2012 - Истражувања
COBISS.MK-ID 94176010

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија. Содржините на публикацијата се одговорност на авторите и на ниту еден начин не ги одразуваат погледите на Европската Унија и на Македонската развојна фондација за претпријатија.

**Македонска развојна фондација за претпријатија**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

**Контакт**
Адреса: МРФП, ул. Никола Парапунов 41А; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3088-988; Факс: +389/2/3088-989;
mrfp@mrfp.mk
**www.mrfp.mk**

# ВОВЕД

Овој извештај врши истражување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на пазарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).

Основна цел на истражувањето е анализа на податоци за општата состојба на пазарот на трудот во Источниот регион, со фокус на жените од помалите етнички заедници, нивните потреби и можности, степенот на образование, потребите на работодавачите, несовпаѓањата кои се појавуваат на релацијата при поврзување на понудата со побарувачката.

Во извештајот, даден е регионален приказ на пазарот на трудот за помалите етнички заедници, жените и руралните области во однос на работоспособното население, активноста, вработеноста и невработеноста. Исто така, извештајот нуди основно мапирање на побарувачката и понудата во Република Македонија и во Источниот регион, со цел да ги идентификува нивоата на образование, каде што моментно постои значајно несовпаѓање на побарувачката и понудата на пазарот на трудот.

Со оглед на потребата од подетални податоци на веќе постојните статистички податоци коишто се однесуваат на жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници, се направија структурирани анкети и интервјуа, со цел да се добие посеопфатна слика за нивната состојба на пазарот на трудот. Преку спроведените анкети и интервјуа се собраа податоци за бариерите при (само)вработување и се идентификуваа потенцијалните работодавачи, кои можат да понудат стажирање и советување на целната група. За надминување на бариерите се даде преглед на постојните мерки за (само)вработување, како и предлози за посеопфатно подобрување на состојбата на пазарот на трудот на целната група.

Нумеричката пресметка на несовпаѓањето на понудата со побарувачката, како и дијагностицирањето на резултатите од анкетните прашалници и, интервјуата за целната група претставени во извештајот, се индикативни, консеквентно на лимитираноста и природата на поедноставените претпоставки.

Анализата во која е мапирана побарувачката и понудата на пазарот на трудот во Источниот регион, беше реализирана во соработка со Сојузот на стопански комори на РМ, претставници на локалните власти (општини, подрачни единици на министерства), агенции и граѓански организации.

1

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Анализата во која е мапирана побарувачката и понудата на пазарот на трудот во Источниот регион, беше реализирана во соработка со Сојузот на стопански комори на РМ, претставници на локалните власти (општини, подрачни единици на министерства), агенции и граѓански организации.

## Реализацијата се спроведе во неколку фази, преку:

- анализа на достапни документи на локално, регионално и национално ниво;
- анализа на достапни квантитативни податоци на локално, регионално и национално ниво од страна на Државниот завод за статистика и Агенцијата за вработување на РМ;
- анализа на квалитативни и квантитативни податоци врз основа на подготвен прашалник пополнет од 31 жена од руралната средина; и
- структурирани интервјуа со 12 работодавачи и релевантни чинители на заедницата.

Во Источниот регион во 2011 година живеат 181.858 лица (149.108 работоспособно население) од кои 168.046 Македонци, 6.929 Роми, 3.164 Турци, 2.534 Власи и 1.185 лица од друга национална припадност. Стапката на активност е 58,2%, стапката на вработеност е 48,7% и стапката на невработеност е 16,4% (кај мажите е 18,7%, а кај жените е 13,2%). Регионот е поделен на 11 општини, кои во поглед на урбанизираноста се поделени на 217 населени места, од кои 209 се карактеризирани како рурални населби. Стапката на невработеност во урбаниот дел изнесува 21,4%, 25,5% кај мажите и 16,4% кај жените. Стапката на невработеност во руралниот дел изнесува 7,8%, 8,4% кај мажите и 6,9% кај жените.

Источниот регион, во четирите квартали од 2012 година, просечно има 40.903 пополнети работни места и 757 слободни (непополнети, а објавени) работни места. Процентот на слободни работни места, во однос на слободни и пополнети, изнесува 1,82%. Источниот регион заедно со Пелагонискиот регион, каде стапката на слободни работни места изнесува 1,95%, преставуваат два региона со најголем процент непополнети, а објавени работни места од страна работодавачите, т.е во овие два региона потешко може да се најде адекватна работна сила во однос на другите региони во Република Македонија.

Врз основа на спроведена анализа врз структурата на понудата и побарувачка во Источниот регион по ниво на образование, најголемо несовпаѓање на понудата во однос на побарувачката има кај лицата со високо образование и повеќе од високо образование, но и кај невработените со основно образование и помалку од основно образование. Согласно констатираното, лицата со основно образование и помалку и, лицата со високо образование и повеќе, потешко можат да најдат работа во Источниот регион на работно место соодветно со нивото на завршено образование, додека на национално ниво несовпаѓање според нивото на образование, постои само кај лицата со основно образование и помалку од основно образование.

Во Источниот регион во 2011 година има 5.845 активни деловни субјекти, од кои најголем број се во секторот „Трговија на големо и мало“; и „Поправка на моторни возила и мотоцикли“ (2.197 активни деловни субјекти). Од 5.845 активни деловни субјекти, 84% се микро претпријатија и имаат помеѓу 1 и 9 вработени лица.

Најголема побарувачка за работна сила има во текстилната индустрија, која претежно побарува шивачи со работно искуство и со завршено средно образование. Исто така, најголем недостиг при пополнување на работните места, се појавува во оваа трудоинтензивна гранка од индустријата.

Врз основа на анализата на квантитативни и квалитативните податоци од прашалникот (31 анкетирано лице) за жените од руралната средина припаднички на помалите етнички заедници, 58% се со основно образование или помалку од основно образование, 77% се невработени, 65% имаат работно искуство претежно како хигиеничарки или шивачки и 13% се лица со посебни потреби. Исто така, 31% се регистрирани како невработени во Агенцијата за вработување на РМ, од кои 95%

се регистрирани подолго од 1 година. Од испитувањата може да се види дека 4% од анкетираните не барат работа, додека 85% бараат работа. Од лицата кои бараат работа, 57% не се активни баратели на работа т.е бараат работа само еднаш на 3 до 6 месеци, додека 45% не се информирани за активните мерки за вработување. Во однос на потребите за зголемување на способноста, на 61% од лицата потребна им е обука, а на 35% потребно им е работно искуство. Исто така, 73% од анкетираните искажаа подготвеност да посетуваат обука, а 32% размислувале за започнување сопствен бизнис. Во однос на работното време, за 53% од анкетираните, најсоодветно е полното работно време, додека за останатите 47% скратено или флексибилно работно време. Од наведеното може да се заклучи, дека голем дел од жените од руралната средина припаднички на помалите етнички заедници се нискообразовани, не бараат активно работа и не се доволно информирани за можностите за подобрување на способноста. Исто така, приближно половина од анкетираните, сакаат да работат скратено или флексибилно работно време.

Поголем дел од анкетираните жени од руралната средина припаднички на помалите етнички заедници, согласно своите квалификации, би сакале да работат како шивачка, хигиеничарка, или да започнат сопствен бизнис. Најголеми бариери за вработување, или отворање сопствен бизнис се недостигот на финансиски средства за започнување бизнис, работното искуство, претприемачките вештини, IT вештините, специфичните работни вештини, самодовербата за започнување бизнис, домашните обврски и, говорењето и пишувањето македонски јазик.

Од интервјуата со работодавачите, бариерите за вработување на жените од руралната средина кои се припаднички на помалите етнички заедници, се однесуваат, пред сè на недостигот од квалификации, работното искуство и IT вештините кои ги поседуваат кандидатите за вработување. Работодавачите се запознаени со Активните програми и мерки за вработување, имаат желба да вршат обука на работно место и да ангажираат лица на стажирање.

Од спроведените интервјуа со релевантни чинители на заедницата, потешкотиите за (само)вработување на жените од руралната средина припаднички на помалите етнички заедници, се однесуваат на недостигот од претприемачки вештини, работното искуство, финансиски средства за започнување бизнис и самодоверба

за започнување бизнис. Самовработувањето би можело да се реализира во сите области на стопанството, сепак, дел од интервјуираните сметаат дека најадекватно за жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини, би било ангажирањето за нега на постари лица, чување деца, шиење и везење, како и земјоделство и сточарство.

Активните мерки за вработување во Република Македонија ги спроведува Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), и претставуваат можности за само(вработување) и обука на жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници. Со учество во мерките, жените од руралната средина како припаднички на помалите етнички заедници, делумно можат да ги надминат бариерите на пазарот на трудот.

За посеопфатно надминување на бариерите на пазарот на трудот од страна на жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници , покрај поголемо учество во Активните мерки за вработување, потребни се и активности за зголемување на можностите за образованието на возрасни лица во стручното средно образование и зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот. Исто така, покрај иницијативите на национално ниво потребно е поголема вклученост на локално ниво преку иницијативи на локалната самоуправа, како и поголема вклученост на невладиниот сектор.

# 2

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Цели на истражувањето

### ОПШТА ЦЕЛ

Анализа на понудата и побарувачката на пазарот на трудот во Источниот регион на Република Македонија, со посебен фокус на бариерите со кои се соочуваат жените од помалите етнички заедници при (само)вработување.

Посебни цели

**а.** Мапирање на понудата и побарувачката на работна сила според нивото на образование, занимање и работното искуство;

**б.** Идентификација на активноста на пазарот на трудот, потребите за зголемување на оспособноста, бариерите со кои се соочува целната група, како и можностите за (само) вработување;

**в.** Препознавање на потребите на работодавачите, потешкотиите за вработување на целната група, како и лоцирање на потенцијалните работодавачи во регионот кои можат да понудат стажирање за целната група;

**д.** Анализа на постојните активни мерки за вработување кои се стремат кон намалување на несовпаѓањето на понудата со побарувачката на пазарот на трудот коишто преставуваат можност за (само) вработување;

**ѓ.** Идентификација на активните деловни субјекти според дејноста во Источниот регион на Република Македонија.

## 2. Организација на истражувањето

Истражувањето беше извршено во март 2013 година во Делчево.

Со истражувањето беа опфатени три целни групи:

**а.** Жени - припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини

**б.** Работодавачи од Источниот регион на Република Македонија

**в.** Претставници од релевантните чинители на заедницата

Теренското истражување беше спроведено од Јован Близнаковски, додека статистичките анализи и подготовката на финалната верзија на извештајот беа реализирани од Миша Поповиќ, како дел од тимот на М-Проспект.

## 3. Методологија на истражувањето

За целите на ова истражување применети беа квалитативни и квантитативни методи. Имено, при истражувањето користени беа следните инструменти:

**а.** Анализа на постојните податоци и извештаи за понудата и побарувачката на пазарот на трудот во Република Македонија со посебен фокус на Источниот регион, како и анализа на постојните активни мерки за вработување.

**б.** Анкети на идентификуваните жени од руралната средина, припаднички на помалите етнички заедници и анкети со

# 3

# ПОБАРУВАЧКА И ПОНУДА НА РАБОТНА СИЛА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## ИСТОЧЕН РЕГИОН

Согласно со Пописот од 2002 година во Источниот регион живеат 181.858 лица од кои 168.046 Македонци, 6.929 Роми, 3.164 Турци, 2.534 Власи и 1.185 лица од друга национална припадност. Регионот е поделен на 11 општини (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип), кои во поглед на урбанизираноста се поделени на 217 населени места, од кои 209 окарактеризирани како рурални населби.




**Графикон 1:** Роми, Турци, Власи и други помали етнички заедници во Источниот регион, по општини

**Извор:** Државен завод за статистика, МАКСтат База на податоци, Попис на население 2002 година, според територијалната организација на Република Македонија од 2004

# 1. Работоспособно население, активност и вработеност

Во Република Македонија во 2011 година има 1.656.215 работоспособни лица. Стапката на активност во 2011 година изнесува 56,8%.

**Табела 1: Стапка на активност во РМ во 2011 година**

| 2011 година | Урбан и рурален дел | | Урбан дел | | Рурален дел | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Стапка на активност | 69% | 45% | 67% | 50% | 71% | 37% |

**Извор:** Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, 2011 година

Во Република Македонија во 2011 година има 645.085 вработени лица. Стапката на вработеност во 2011 година изнесува 38,9%. Стапката на вработеност кај мажите е 47%, а кај жените 30,9%. Бруто домашниот производ во 2010 година изнесува 211.246 денари по жител. Најголемо учество во бруто домашниот производ учествува секторот (НКВ Рев 2) Б, В, Г, Д, Рударство и вадење камен и, преработувачка индустрија со 21,5%.

Во Источниот регион во 2011 година има 149.108 работоспособно население, т.е 9% од вкупното работоспособно население во Република Македонија. Во Источниот регион има 86.781 лице кои бараат работа, стапката на активност изнесува изнесува 58,2% и истата е 1,4 п.п. над националниот просек.

Во Источниот регион во 2011 година има 72.616 вработени лица, т.е 11,3% од вкупното вработено население во Република Македонија. Стапката на вработеност во Источниот регион изнесува  48,7% и истата е 9,8 п.п. над националниот просек. Источниот регион во 2010 година учествува со 8,6% во бруто домашниот производ на Република Македонија. Со оглед на тоа дека во 2010 година 11,4% од вкупното вработено население произведува 8,6% од бруто домашниот производ, продуктивноста по единица вработен помала е од националното ниво. Бруто домашниот производ во Источниот регион во 2010 година изнесува 206.770 денари по жител и малку е под националниот просек. Гледано по сектори, најголемо учество има секторот (НКВ Рев 2) Б, В, Г, Д,

Рударство и вадење камен и, преработувачка индустрија со 37,2% од вкупниот бруто домашен производ во Источниот регион.

## 2. Невработеност

Во Република Македонија во 2011 година има 294.963 невработени лица. Стапката на невработеност во 2011 година изнесува 31,4%.

**Табела 2: Стапка на невработеност во 2011 година**

| 2011 година | Урбан и рурален дел | | Урбан дел | | Рурален дел | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Стапка на активност | 32% | 31% | 33% | 31% | 31% | 30% |

**Извор:** Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија 2012

Согласно податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија[1] заклучно со 30.11.2012 година, во Република Македонија има 245.122 регистрирани невработени лица, од кои 64,7% живеат во град, а останатите 35,3% во село. Од вкупниот број на регистрирани невработени лица, 105.918 се жени т.е. 43,2%. Најголем дел од регистрираните невработени лица се неквалификувани лица и истите учествуваат со 43,4% (106.304 лица) во вкупниот број на регистрирани невработени лица, од кои 42.494 се жени.

Во однос на периодот на чекање за работа, 80% од невработените се долгорочно невработени. Од регистрираните невработени лица, 67,8% се Македонци, 21,3% се Албанци, 3,8% се Турци, 3,8% се Роми, 0,8% се Срби, 0,1% се Власи, 0,2% се Бошњаци и 2,2% се од друга национална припадност.

Во Источниот регион, во 2011 година има 14.232 невработени лица. Стапката на невработеност во 2011 година изнесува 16,4%, која е речиси двојно помала од националниот просек.

1 Во Источниот регион има 11 општини и истите се покриени со 6 центри за вработување при Агенцијата за вработување на Република Македонија, и тоа центрите во Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип и Штип.

**Табела 3:** **Стапка на невработеност во 2011 година, во Источниот регион**

| 2011 година | Урбан и рурален дел | | Урбан дел | | Рурален дел | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Стапка на активност | 19% | 13% | 25% | 16% | 8% | 7% |

**Извор:** Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија 2012




**Графикон 2:**
Стапки на активност, вработеност и невработеност по региони за 2011 година

**Извор:** Државен завод за статистика, Регионите во Република Македонија 2012

Согласно податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија, заклучно со 30.11.2012 година, во Источниот регион има 24.476 регистрирани невработени лица. Од вкупниот број на регистрирани невработени лица, 9.882 се жени т.е. 40,4%. Најголем дел од регистрираните невработени лица се неквалификувани лица и истите учествуваат со 42% (10.290 лица) во вкупниот број на регистрирани невработени лица, од кои 4.161 се жени. Од регистрираните невработени лица во Источниот регион, 91,7% се Македонци, 0,03% се Албанци, 1,8% се Турци, 5,5% се Роми, 0,16% се Срби, 0,5% се Власи и 0,25% се од друга национална припадност. Согласно наведеното, може да се каже дека во Источниот регион покрај Македонците најголемо учество во вкупното население имаат Ромите и истите претставуваат 5,5% од регистрираните невработени лица т.е 1.356 лица, од кои 57,4% мажи, а останатите 42,6% жени. Учеството на жените Ромки во вкупниот број регистрирани невработени лица Роми, во Источниот регион изнесува 42,6% (57,4% мажи) и истиот е близок со националното учество, каде 43,2% се регистрирани невработени жени.




**Графикон 3:** Број на невработени жени во РМ




**Графикон 4:** Број на невработени жени во Источен рег.

**Извор:** АВРМ, Преглед на невработени лица според национална припадност со состојба 30.11.2012 година

4

# МАПИРАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА НА РАБОТНА СИЛА

# СПОРЕД НИВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ИСТОЧЕН РЕГИОН

### 1. Мапирање на понудата и побарувачката согласно податоците од соопштенијата за слободни работни места по региони

Во Република Македонија во четирите квартали од 2012 година, просечно има 385.284 пополнети работни места и 5.526 слободни (непополнети) работни места. Стапката на слободни работни места изнесува 1,41%.

Источниот регион во четирите квартали од 2012 година, просечно има 40.903 пополнети работни места и 757 слободни работни места. Стапката на слободни работни места изнесува 1,82% и истата е поголема од националниот просек за 0,41 п.п.

Од податоците во табелата, може да се види дека најголем процент на непополнети работни места од вкупно објавените (пополнети и непополнети) има во Пелагонискиот и Источниот регион. Согласно наведеното, може да се каже дека во овие два региона работодавачите имаат најголем проблем да најдат соодветна работна сила.

**Табела 4:** Слободни работни места во РМ поделени по регион, со просек во четирите квартали од 2012 година

| РЕГИОНИ | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) |
|---|---|---|---|
| | Ø(1Q-4 Q) | Ø(1Q-4 Q) | Ø(1Q-4 Q) |
| **Република Македонија** | 385.284 | 5.526 | 1,41 |
| Вардарски | 28.610 | 439 | 1,51 |
| Источен | 40.903 | 757 | 1,82 |
| Југозападен | 26.526 | 403 | 1,49 |
| Југоисточен | 19.049 | 303 | 1,56 |
| Пелагониски | 36.551 | 727 | 1,95 |
| Полошки | 18.189 | 198 | 1,08 |
| Североисточен | 20.635 | 158 | 0,76 |
| Скопски | 194.820 | 2.541 | 1,29 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Слободни работни места 2012 година, Ø(1Q-4Q)

## 2. Мапирање на понудата и побарувачката во Република Македонија согласно податоците од соопштенијата за невработени лица и Анализата за потребите од вештини на пазарот на трудот од Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Агенцијата за вработување на Република Македонија, секоја година спроведува анкетно истражување меѓу работодавачите за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот. Со анкетното истражување спроведено меѓу работодавачите од приватниот сектор, со 7 и повеќе вработени, кое се реализираше во периодот октомври – ноември 2012 година, анкетирани се 2.764 работодавачи. Од нив, 1.328 работодавачи, во наредниот период од 12 месеци очекуваат да реализираат 10.643 вработувања, од кои 973 вработувања за лица со високо образование, 684 вработувања за лица со средно или вишо образование, 7.880 вработувања со средно образование и 1.106 вработувања за лица со основно образование. Согласно

наведеното, работодавачите планираат 9,14% од новите вработувања да бидат лица со високо образование, 80,47% со средно или вишо образование и 10,39% лица со завршено основно образование.

Согласно податоците на Агенцијата за вработување на РМ, заклучно со 30 ноември 2012 година, регистрираните невработени лица коишто се нискоквалификувани, полуквалификувани или со незавршено средно образование, учествуваат со 46,9% (115.014 лица) во вкупниот број регистрирани невработени лица. Лицата со завршено средно образование (квалификувани работници и средно образование) учествуваат со 44,2% во вкупниот број на регистрирани невработени лица, додека лицата со високо образование и повеќе учествуваат со 8,8%.




**Графикон 5:** Структура на планирана побарувачка на работна сила во наредните 12 месеци и понуда на работна сила на 30 ноември 2012 година, во проценти, според нивото на образование во РМ

**Извор:** АВРМ, Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во 2012-2013 година, Регистрирани невработени лица по ниво на образование на 30 ноември 2012 година и пресметки на авторот

Според податоците од графиконот, може да се заклучи дека во Република Македонија најголемо несовпаѓање на понудата, во однос на побарувачката, според нивото на образование, има кај лицата со основно образование и помалку т.е лицата со основно образование и помалку од основно образование, кои многу тешко можат да најдат работа, затоа што само 10,4% од планираните слободни работни места се со потреба од лица со основно образование, а 46,9% од регистрираните невработени лица се со основно образование или помалку од основно образование.

## 3. Мапирање на понудата и побарувачката во Источниот регион согласно податоците од соопштенијата за невработени лица и Анализата за потреби од вештини на пазарот на трудот од Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во Источниот регион, работодавачите планираат само 1,9% од новите вработувања, да бидат пополнети со лица кои имаат високо образование, 73,8% со средно или вишо образование и 24,2% лица со завршено основно образование. Во однос на структурата на планираната побарувачка, може да се види дека во Источниот регион побарувачката за работна сила со помало ниво на образование (средно и основно) е поголема во однос на националното ниво. Исто така, структурата на побарувачката за работна сила со високо образование е значително помала. Истото, доведува до заклучок дека во Источниот регион позастапен е трудоинтезивниот сектор.

Согласно податоците на Агенцијата за вработување, заклучно со 30 ноември 2012 година, регистрираните невработени лица кои се нискоквалификувани, полуквалификувани и, лицата со незавршено средно образование, учествуваат со 46,3% во вкупниот број на регистрирани невработени лица. Лицата со завршено




**Графикон 6:** Структура на планираната побарувачка на работна сила во наредните 12 месеци и понуда на работна сила на 30 ноември 2012 година, во проценти, според нивото на образование во Источниот регион

**Извор:** АВРМ, Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во 2012-2013 година, Регистрирани невработени лица по ниво на образование на 30 ноември 2012 година и пресметки на авторот

средно образование (квалификувани работници и средно образование) учествуваат со 44,4% во вкупниот број на регистрирани невработени лица, додека лицата со високо образование и повеќе, учествуваат со 9,3%. Структурата на регистрирани невработени лица, според нивото на образованието, незначително се разликува во однос на структурата на национално ниво.

Според податоците од графиконот, може да се заклучи, дека во Источниот регион најголемо несовпаѓање на понудата во однос на побарувачката, според нивото на образование, има кај лицата со основно образование и помалку од основно образование, како и кај лицата со високо образование и повеќе од високо образование т.е лицата со основно и високо образование, потешко можат да најдат работа во Источниот регион, во однос на можностите за наоѓање работа соодветна на нивото на образование на национално ниво.

Во однос на побарувачката на пазарот на трудот, согласно Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во 2012-2013, во Источниот регион работодавачите во 2013 година планираат да вработат лица со следниве занимања:

- Од лицата со завршено високо образование: градежни инженери, машински инженери и др.
- Од лицата со завршено средно или вишо образование: шивач, шивач на текстил, ракувач со шивачка машина за обувки, текстилен техничар, ѕидар, продавач, тесар, столар, ракувач со машина за пеглање на текстил, машинобравар, кројач на текстил, машински техничар, армирач, електричар за одржување, и др.
- Од лицата со завршено основно образование: работник за едноставни работи на производствена линија, чевларски работник, работник на едноставни работи во производство на текстил, работник на едноставни работи на утовар, претовар и пренос на товар, градинарски работник, и др.

Од вкупниот број на планирани вработувања на лица со завршено средно или вишо образование, 62,7% имаат занимање: шивач, шивач на текстил и ракувач со шивачка машина за обувки; додека, од вкупниот број на планирани вработувања на лица со завршено основно образование, 69,5% имаат занимање работник за едноставни работи на производствена линија.




**Графикон 7:** Занимања од кои е почувствуван недостиг при пополнување на слободните работни места во Источниот регион

**Извор:** АВРМ, Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот во 2012-2013 година, и пресметки на авторот

Работодавачите, за 57% од вкупниот број на планирани вработувања во наредните 12 месеци, бараат работници кои имаат работно искуство. Истото преставува бариера за младите лица да најдат работа по завршување на школувањето.

Од графиконот може да се види дека 66% од занимањата, за кои е почувствуван недостиг при пополнување на слободните работни места во Источниот регион, се однесуваат на занимањата со средно образование, 29% на занимањата со високо образование и само 3% кај занимањата со основно образование. Од занимањата за кои е потребно средното образование, 57% припаѓаат на работните места во текстилната индустрија.

# 5

# ПРЕГЛЕД НА АКТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО ОВОЈ РЕГИОН

Како што беше погоре споменато, гледано по сектори, најголемо учество во Бруто домашниот производ има секторот (НКВ Рев 2) Б, В, Г, Д, Рударство и вадење камен и преработувачка индустрија, додека од вкупниот број на планирани вработувања на лица со завршено средно, или вишо образование 62,7% се со занимање шивач, шивач на текстил и ракувач со шивачка машина за обувки, а од вкупниот број на планирани вработувања на лица со завршено основно образование 69,5% се со занимање работник за едноставни работи на производствена линија.

**Табела 5:** Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, состојба 31.12.2011

| | Берово | Виница | Делчево | Зрновци | Карбинци | Кочани | Македонска Каменица | Пехчево | Пробиштип | Чешиново - Облешево | Штип | Источен регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 430 | 554 | 493 | 57 | 61 | 1448 | 196 | 199 | 434 | 156 | 1817 | 5845 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 28 | 42 | 27 | 14 | 26 | 75 | 8 | 36 | 33 | 42 | 82 | 413 |

| | Берово | Виница | Делчево | Зрновци | Карбинци | Кочани | Македонска Каменица | Пехчево | Пробиштип | Чешиново - Облешево | Штип | Источен регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рударство и вадење на камен | 1 | 2 | | | | 5 | 1 | | 3 | 2 | | 14 |
| Преработувачка индустрија | 64 | 97 | 96 | 8 | 7 | 242 | 21 | 51 | 55 | 15 | 290 | 946 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | | | | | | 1 | | | | | 1 | 2 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 6 | 2 | 1 | 4 | 1 | 10 | 33 |
| Градежништво | 15 | 27 | 19 | 1 | 1 | 42 | 7 | 3 | 10 | 2 | 75 | 202 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 149 | 193 | 161 | 16 | 17 | 605 | 78 | 54 | 185 | 59 | 680 | 2197 |
| Транспорт и складирање | 37 | 49 | 37 | 6 | 5 | 85 | 24 | 14 | 32 | 11 | 163 | 463 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 41 | 37 | 39 | 4 | | 73 | 20 | 9 | 26 | 6 | 86 | 341 |
| Информации и комуникации | 7 | 6 | 8 | | | 14 | 4 | 1 | 5 | | 19 | 64 |

| | Берово | Виница | Делчево | Зрновци | Карбинци | Кочани | Македонска Каменица | Пехчево | Пробиштип | Чешиново - Облешево | Штип | Источен регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | | 2 | 1 | | | 6 | | | | | 3 | 12 |
| Дејности во врска со недвижен имот | | | 1 | | | 3 | 1 | | | | 17 | 22 |
| Стручни, научни и технички дејности | 18 | 22 | 29 | 1 | 1 | 70 | 7 | 6 | 9 | 1 | 122 | 286 |
| Административни и помошни услужни дејности | 4 | 3 | 9 | | | 10 | | | | | 17 | 43 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 2 | 1 | 2 | | | 3 | | | | | 6 | 14 |
| Образование | 6 | 7 | 4 | 1 | 1 | 19 | 2 | 1 | 5 | 3 | 24 | 73 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 21 | 31 | 32 | 2 | 1 | 72 | 7 | 9 | 26 | 3 | 91 | 295 |
| Уметност, забава и рекреација | 5 | 7 | 6 | 1 | 1 | 29 | 3 | 5 | 6 | 1 | 23 | 87 |
| Други услужни дејности | 31 | 25 | 19 | 2 | | 88 | 11 | 9 | 35 | 10 | 108 | 338 |

Извор: Државен завод за статистика, МАКСтат База на податоци, Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември 2011 година

Од табелата може да се забележи, дека во Источниот регион, во 2011 година има 5.845 активни деловни субјекти, од кои најголем број се во секторот Трговија на големо и трговија на мало; и Поправка на моторни возила и мотоцикли со 2.197 активни

деловни субјекти; Преработувачка индустрија со 946; Транспорт и складирање со 463; и Земјоделство, шумарство и рибарство со 413 активни деловни субјекти.

**Табела 6:** Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени, по региони, по години, состојба 31 декември 2011 година

| | 2011 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | 0 или без податок | 1-9 | 10-49 | 50-249 | 250+ |
| Источен регион | 5.845 | 317 | 4.919 | 434 | 159 | 16 |

Извор: Државен завод за статистика, МАКСтат База на податоци, Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени, по региони, по години, состојба 31 декември 2011 година

Од табелата може да се забележи дека 4.919 активни деловни субјекти имаат помеѓу 1 и 9 вработени. Микро претпријатијата учествуваат со 84% во вкупниот број на активни деловни субјекти.

Во Источниот регион во периодот од 2007 до 2010 година постојат мали претпријатија кои за неколку години неколкупати го зголемиле бројот на вработени и преставуваат успешни претприемачи. Нивните искуства може да придонесат за мотивација и обука кај лицата кои сакаат да отпочнат свој бизнис. Исто така, дејностите во кои работат, претставуваат можни сектори за новите претприемачи.

**Табела 7:** Преглед на можни дејности за самовработување и, на успешни компании кои го зголемиле бројот на вработени во период од 2007 до 2009 во Источниот регион

| Назив | Дејност | Број на Вработени 2009 | Број на Вработени 2008 | Број на Вработени 2007 | Процентуално зголемување 2007-2009 | Број на ново вработени од 2007 до 2009 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговско друштво за автопревоз и трговија БОКИ ДООЕЛ Пробиштип | Товарен патен транспорт | 23,00 | 21,00 | 18,00 | 27,8 | 5 |
| Приватна здравствена установа-поликлиника со ординација по општа медицина, специјалистичка ординација по гинекологија и акушерство и биохемиска лабаратотија Д-Р ОРГАНЏИСКИ Штип | Дејности на специјалистичка медицинска пракса | w8,00 | 7,00 | 6,00 | 33,3 | 2 |

| Назив | Дејност | Број на Вработени 2009 | Број на Вработени 2008 | Број на Вработени 2007 | Процентуално зголемување 2007-2009 | Број на ново вработени од 2007 до 2009 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство, транспорт, услуги и трговија ЦРЕШОВО ТОПЧЕ ДООЕЛ увоз-извоз Пробиштип | Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници | 38,00 | 27,00 | 22,00 | 72,7 | 16 |
| Друштво за промет, услуги, производство и транспорт ИВКО-ПРОМ Иво ДООЕЛ увоз-извоз Пробиштип | Поставување на подни и ѕидни облоги | 21,00 | 10,00 | 9,00 | 133,3 | 12 |
| Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип | Производство на други производи од гума | 15,00 | 12,00 | 11,00 | 36,4 | 4 |
| Друштво за градежништво,производство, промет и услуги ТЕХКОМ ДООЕЛ Оризари | Изградба на станбени и нестанбени згради | 22,00 | 17,00 | 0,00 | | 22 |
| Друштво за производство и трговија ПЕЛА Милан ДООЕЛ с.Владимирово Берово | Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници | 3,00 | 2,00 | 1,00 | 200,0 | 2 |
| Друштво за градежништво,производство и услуги ЈУГОУНИОН ДОО Штип | Изградба на станбени и нестанбени згради | 17,00 | 8,00 | 4,00 | 325,0 | 13 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, производство и трговија КРЗНО ТЕКС ДОО експорт-импорт Делчево | Производство на работна облека | 36,00 | 29,00 | 21,00 | 71,4 | 15 |
| Друштво за производство,трговија и услуги БМФ ДОО Зрновци | Одгледување на ориз | 6,00 | 5,00 | 4,00 | 50,0 | 2 |
| Друштво за производство, трговија и услуги МОТЕКС-ЗРНОВКА ДООЕЛ с.Мородвис Зрновци | Мешовито фармерство | 13,00 | 8,00 | 7,00 | 85,7 | 6 |

| Назив | Дејност | Број на Вработени 2009 | Број на Вработени 2008 | Број на Вработени 2007 | Процентуално зголемување 2007-2009 | Број на ново вработени од 2007 до 2009 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Друштво за производство, трговија и услуги РОТО - М ДОО с.Јакимово Виница | Производство на други производи од пластични маси | 10,00 | 7,00 | 6,00 | 66,7 | 4 |
| Друштво за производство, транспорт трговија и услуги ПРИНЦЕЗИ увоз-извоз ДООЕЛ Штип | Товарен патен транспорт | 9,00 | 8,00 | 5,00 | 80,0 | 4 |
| Трговско друштво за производство,трговија,превоз и услуги ГАТАКС ДООЕЛ увоз-извоз Штип | Такси служба | 27,00 | 24,00 | 16,00 | 68,8 | 11 |
| Друштво за транспорт, трговија и услуги ПАВИ - ТРАНС увоз-извоз ДООЕЛ Штип | Товарен патен транспорт | 8,00 | 4,00 | 3,00 | 166,7 | 5 |
| Друштво за производство,трговија и услуги МЕТАЛИКА НОВА ДООЕЛ Штип | Поправка на фабрикувани производи од метал | 3,00 | 2,00 | 1,00 | 200,0 | 2 |

Извор: Централен Регистар на Македонија 2012

**Табела 8:** Преглед на можни дејности за самовработување и на успешни компании кои го зголемиле бројот на вработени во период од 2008 до 2010 во Источниот регион

| Назив | Дејност | Број на вработени 2010 | Број на вработени 2009 | Број на вработени 2008 | Процентуално зголемување 2008-2010 | Број на ново вработени од 2008 до 2010 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Друштво за градежништво,производство,промет и услуги ТЕХКОМ ДООЕЛ Оризари | Изградба на станбени и нестанбени згради | 45,00 | 22,00 | 17,00 | 164,7 | 28 |
| Друштво за производство, трговија и услуги МОТЕКС-ЗРНОВКА ДООЕЛ с.Мородвис Зрновци | Мешовито фармерство | 14,00 | 13,00 | 8,00 | 75,0 | 6 |

| Назив | Дејност | Број на вработени 2010 | Број на вработени 2009 | Број на вработени 2008 | Процентуално зголемување 2008-2010 | Број на ново вработени од 2008 до 2010 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговско друштво за производство,трговија и услуги МЛИН АРГУЛИЦА ДООЕЛ увоз-извоз с.Аргулица Карбинци | Производство на мелнички производи | 5,00 | 4,00 | 2,00 | 150,0 | 3 |
| Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги КОНСТРУКТОР КОМ ДООЕЛ Кочани | Производство на друга градежна столарија и подови | 10,00 | 9,00 | 7,00 | 42,9 | 3 |
| Друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за градежништво, производство , трговија и услуги ВИН-ИМ ДООЕЛ Виница | Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место | 20,00 | 16,00 | 12,00 | 66,7 | 8 |
| Друштво за транспорт,трговија и услуги БЕЛДОНА-ММС ДООЕЛ Кочани | Друг патнички копнен транспорт неспомнат на друго место | 7,00 | 4,00 | 1,00 | 600,0 | 6 |

Извор: Централен Регистар на Македонија 2012

# 6

# АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО МОЖНОСТИ ЗА (САМО) ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ

Активните мерки за вработување во Република Македонија ги спроведува Агенцијата за вработување на Република Македонија преку центрите за вработување. Програмите и мерките содржани се во Оперативните планови за активни програми и мерки за вработување, кои се имплементираат од 2007 година. Истите, имаат за цел да ја намалат невработеноста во државата, преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот и самовработување, намалување на трошоците на компаниите за работна сила при вработувањето на ранливи групи на лица преку субвенционирање на плати, обуки за зголемување на оспособеноста, практикантство за зголемување на работното искуство и јавни работи за активирање на лица за стекнување на одредени практични знаења и вештини.

Со програмите и мерките се опфаќаат различни целни групи, и тоа: млади, долгорочно невработени (регистрирани невработени лица повеќе од 1 година), корисници на паричен надоместок по основ на невработеност, професионални војници на кои им престанала службата во Армијата на Република Македонија, поранешни вработени лица во дејноста енергетика, на кои работниот однос им престанал поради деловни причини, лица на возраст од 30-49 години, корисници на социјална парична помош, лица со статус на деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство,

бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители, родители со 4 и повеќе малолетни деца, лица под супсидијарна заштита, собирачи на ПЕТ отпадоци, Роми, млади брачни двојки со или без деца до 45 годишна возраст, возрасни лица од 50 до 59 години и, осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа.

Активните мерки за вработување, преставуваат можност за жените од руралните средини припаднички на етничките заедници да се (само) вработат.

Во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година опфатени се следниве програми и мерки:

### а. Програма за самовработување

Целта на мерката е намалување на невработеноста преку започнување на сопствени бизниси. Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот, и/или финансиска поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица, кои имаат искуство во вршење на дејноста. За реализација на секое самовработување, се предвидува поддршка со неповратни средства, во висина од 201.897,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.897,00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис во времетраење од најмалку 5 работни дена, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите. Со истата, во 2013 година планирано е да се опфатат 930 лица.

### б. Програма за финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места.

Целта на мерката е намалување на невработеноста и отворање на нови работни места, како и стимулирање на побарувачката на работна сила на пазарот на трудот. Програмата се реализира преку обезбедување дополнителна поддршка во вид на материјали и/или опрема за отворање на нови работни места во мали и средни претпријатија и кај занаетчии. Со истата мерка во 2013 година се планира да се опфатат 100 лица.

### в. Субвенционирано вработување

Цел на оваа мерка е да обезбеди стимулирање на побарувачката на работна сила и вработување на невработени лица, кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Мерката се реализира преку обезбедување финансиска поддршка во првите 6 месеци од вработувањето на регистрираните невработени лица. Со истата мерка во 2013 година се планира да се опфатат 580 лица.

### г. Субвенционирање на вработување на деца без родители

Цел на оваа мерка е да обезбеди стимулирање на побарувачката на евидентирани невработени лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа. Мерката се реализира преку обезбедување финансиска поддршка во првите 2 години од вработувањето на децата без родители. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 20 лица.

### д. Субвенционирање на вработување на инвалидни лица

Субвенционирањето на вработувањето на инвалидните лица се врши со цел зголемување на оспособеноста и социјалната вклученост на оваа категорија на невработени лица и нивно интегрирање на пазарот на трудот. Субвенционирањето се врши согласно Законот за вработување на инвалидни лица и во 2013 година се планира да се опфатат 300 лица.

### ѓ. Програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земји-ште

Целта на мерката е поттикнување на нови вработувања на примателите на социјална помош евидентирани како невработени лица и, нивна социјална вклученост со доделување на државно земјоделско земјиште. Исто така, на корисниците им се исплаќа паричен надоместок во висина на социјалната парична помош и им се обезбедува и социјално осигурување. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 26 лица.

### е. Обука кај познат работодавач.

Целта на оваа мерка е обезбедување определено ниво на знаења и вештини на евидентираните невработени лица кај работодавач, кој има утврдено определени потреби за работни места. Подготовката за вработување трае до три месеци, за што на невработеното лице му се покриени трошоците за храна и превоз. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 850 лица.

### ж. Обука кај познат работодавач со субвенционирање

Целта на оваа мерка е обезбедување определено ниво на знаења и вештини на евидентираните невработени лица кај работодавач, кој треба да вработи минимум 50% од ангажираните лица на три месечната обука, за што ќе добие субвенции за покривање на трошоците за првите три плати. Оваа мерка е насочена и кон помалите етнички заедници, со фокус на Ромите. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 170 лица.

### з. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот

Мерката има за цел зголемување на оспособеноста на евидентираните невработените лица, со стекнување на вештини од побарувани занимања, согласно искажаните потреби за работна сила. Обуката се реализира според одобрени и верификувани програми за обука од МОН, по претходно добиено позитивно стручно мислење од ЦСОО за установи, и/или според верификувани посебни програми за образование на возрасни од ЦОВ. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката, ќе се стекнат со сертификат/уверение издаден од верификуван/ лиценциран изведувач на обука. Обуката се одвива во период од 2 месеца во установи и/или институции и 2 месеца во реални услови кај работодавачи. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 250 лица.

### ѕ. Обука за напредни ИТ вештини

Мерката има за цел надградба на вештините од областа на информатичките технологии на евидентираните невработени лица и ќе се спроведуваат за следниве програмски пакети: MCITP - Сервер Администратор, MCITP–Enterprise SQL Administrator 2008, Database Administrator 2008 и MCITP - Сервер Администратор и MYSQL. По завршување на обуките, лицата добиваат уверение за посетувана обука и полагаат завршен испит

за стекнување меѓународен сертификат. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 50 лица.

### и. Практикантство како прво работно искуство до вработување

Целта на оваа мерка е зголемување на оспособеноста кај млади невработени лица преку добивање работно искуство. Истата е наменета за млади лица и со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 250 лица.

### ј. Едукација за започнување на бизнис

Целта на мерката е натамошно јакнење на капацитетите на евидентираните невработени лица, преку обука и едукација на невработените лица за започнување бизнис. Преку оваа мерка лицата кои се заинтересирани да започнат бизнис, во работните клубови на центрите за вработување, може да ги добијат информациите за основите за водење на бизнис. Со оваа мерка во 2013 година се планира да се опфатат 2,000 лица.

### к. Организирање на јавни работи

Целта на мерката е активирање на лицата на пазарот на труд, преку работно ангажирање во општествено корисни работи. Целна група во оваа мерка се долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица и повозрасни лица над 55 години, во период не подолг од 6 месеци. Со оваа мерка во 2012 и 2013 година се планира да се опфатат 4.000 лица.

Покрај Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување кој се имплементира од 2007 година во изминатиот период во Република Македонија, постојат и можности за микрокредитирање кое се имплементира преку штедилница Можности, Хоризонти микрокредитирање, проектот за регионален развој имплементиран од организацијата GIZ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit), и сл.

6

# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ

## НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН СО ФОКУС НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРИПАДНИЧКИ НА ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ

Со цел да се добијат податоци за жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници и работодавачите, се направи анкетен прашалник кој беше наменет за целната група со кој се анкетираа 31 лице. Исто така, се направи интервју со работодавачи, лица од невладини организации, ромскиот информативен центар - Делчево, центарот за вработување - Делчево, како и претставник од општина Делчево. Во анкетните прашалници и интервјуата, особено се посвети внимание на бариерите при вработувањето и при отворањето сопствен бизнис.

### 1. Анализа врз основа на анкетни прашалници на жени од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници

За потребите на анализата изработен е анкетен прашалник, развиени се прашањата и параметрите кои ќе се анализираат. Прашањата се поделени во четири групи, од кои првата група се однесува на структурата на анкетираните жени, втората на активноста на пазарот на трудот, третата на потребите на целната група и четвртата група на

прашања, се однесува на бариерите за вработување и самовработување. Врз основа на добиените одговори во продолжение се образложени наодите на анализата.

## а. Структура на анкетирани жени од рурална средина

Од анализата на структурата на анкетираните лица, може да се види дека 68% се лица на возраст од 25 до 50 години, 71% се Роми, 87% се невработени или неформално вработени, 58% се со основно образование или помалку од основно образование, 65% имаат работно искуство и 13% се лица со посебни потреби. Исто така, 75% од анкетираните кои имаат работно искуство, се изјаснија дека имаат работно искуство како шивачки или хигеничарки. Подетални информации може да се видат во понатамошните графикони и објаснувања.




**Графикон 8:**
**Возраст**
Во однос на структурата по години, најголемо учество имаа лицата на возраст од 25 до 50 години и истите учествуваа со 68% во вкупниот број на анкетирани лица.




**Графикон 9:**
**Национална припадност**
Во однос на структурата по национална припадност, најголемо учество имаат жените од ромската популација и истите учествуваат со 68% во вкупниот број на анкетирани лица.




**Графикон 10:**

**Работен статус**

Во однос на работниот статус, 13% од анкетираните се вработени, 10% неформално вработени и 77% невработени. Најголемо учество имаа жените кои се невработени и активно бараат работа и истите учествуваа со 48% во вкупниот број на анкетирани лица.




**Графикон 11:**

**Ниво на образование**

Во однос на структурата, на нивото на образование, 58% се со основно образование или помалку од основно образование, 29% со средно образование и останатите 13% се со високо образование.




**Графикон 12:**

**Работно искуство**

Во однос на работното искуство, 35% немаат работно искуство. Од лицата кои имаат работно искуство (65% од анкетираните) 19% имаат искуство помало од 1 година, 23% помеѓу 1 и 5 години и 23% повеќе од 5 години работно искуство. Исто така, 75% од анкетираните кои имаат работно искуство, се изјаснија дека имаат работно искуство како шивачки или хигеничарки.

Лица со посебни потреби

Од анкетираните лица, 4 лица т.е. 13% се изјаснија дека се лица со посебни потреби.


л да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истраж
стојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел д
азарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за
водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

ње на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на ... креирање на активности
уралните средини во Источниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на ... руралните средини во Источниот регион, со цел да
ување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел да
ремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за состојбата на пазарот на трудот на жени
ва досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на пазарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизви
анирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жени
тнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе вод
ој извештај врши истажување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Ис

## 6. Активност на пазарот на трудот

Од анализата на активноста на пазарот на трудот на анкетираните лица, може да се види дека 69% не се регистрирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија, а 95% од регистрираните се долгорочно невработени лица, а само 37 % од испитаниците се активни баратели на работа и бараат работа најмалку еднаш месечно. Подетални информации може да се видат во понатамошните графикони и објаснувања.




**Графикон 13:**
**Регистрирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија**

Од анкетираните лица, 69% не се регистрирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.
Од регистрираните невработени лица во Агенцијата за вработување на Република Македонија, 95% се регистрирани повеќе од 1 година.




**Графикон 14:**
**Активно барање на работа**

Од анкетираните, 4% не барат работа, додека 85% бараат работа. Од графиконот, може да се види дека 57% од лицата кои бараат работа, не се активни баратели на работа т.е бараат работа само еднаш на 3 до 6 месеци. Исто така, може да се види, дека само 37% од испитаниците се активни баратели на работа и бараат работа најмалку еднаш месечно.


состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со це
зарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за сос
дат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

## в. Потреби за обука, работно искуство, скратено работно време, информираност за активните мерки за вработување и можностите за поттикнување на самовработување

**Графикон 15:** Потреби и подготвеност за обука, работно искуство за посакуваната работа, информираност за активните мерки за вработување и самовработување.




Од графиконот може да се забележи, дека на 61% од лицата потребна им е обука и на 35% потребно им е работно искуство. Исто така, 73% од анкетираните, искажаа подготвеност да посетуваат обука, а 32% размислувале за започнување на сопствен бизнис. Во однос на работното време, за 53% од анкетираните најсоодветно е полното работно време, додека за останатите 47% скратено или флексибилно работно време. Од испитаниците, 45% не се информирани за активните мерки за вработување.

Поголем дел од анкетираните лица согласно своите квалификации, би сакале да работат како шивачка, хигеничарка или да отпочнат сопствен бизнис.

ње на активности што ќе водат кон зајакнување на ...
уралните средини во Источниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ... од руралните средини во Источниот регион, со цел да
ување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел да
ремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за состојбата на пазарот на трудот на жени
ва досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на пазарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизви
анирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жени
тнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе вод
ој извештај врши истажување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Ис

## г. Бариери за вработување или за самовработување и отворање на сопствен бизнис

Делот од прашалникот кој се однесува на бариерите за вработување или самовработување е поделен на три дела, и тоа: образовни бариери, бариери за неактивност на пазарот на трудот и бариери за отпочнување сопствен бизнис. Од анализата може да се види, дека жените од рурална средина припаднички на помалите етнички заедници се соочуваат со бариери како што се работното искуство, домашните обврски, финансиски средства за самовработување и др. Подетални информации може да се видат во понатамошните графикони и објаснувања.

**Графикон 16:**

**Образовни бариери**




Како што може да се види од графиконот, најголеми бариери се работното искуство, IT вештините и специфичните работни вештини, но не треба да се занемарат и другите бариери како читањето, говорењето и пишувањето на македонскиот јазик.


состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со це
зарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за сос
водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

се обезбедат информации за планирање ... по Источниот регион, со цел да се ...
ите припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион ... на жените припаднички на помалите етнички заедници
ици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници за само (вработување).Овој извештај врши и
ите од руралните средини на пазарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за состојбата на жените од руралните средини на пазарот на трудот
ат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на пазарот на трудот ... кон зајакнување на положбата на истите.
точниот регион, со цел да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите.

**Графикон 17:**

**Бариери за неактивност на пазарот на трудот**




Главни причини за неактивност се домашните обврски и транспортните трошоци.

**Графикон 18:**

**Бариери за отпочнување сопствен бизнис**




Главни причини, поради што не отпочнале со сопствен бизнис се финансиските средства и недостигот на претприемачки вештини.



л да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истраж
стојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел д
азарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за
водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

# 2. Анализа врз основа на интервјуа со работодавачи и релевантни чинители на заедницата

## а. Интервјуата со работодавачите

Од интервјуата со работодавачите, истите се изјаснуваат дека понекогаш имаат проблеми со ангажирање на соодветна работна сила. Потешкотиите се однесуваат на квалификациите, работното искуство и IT вештините, кои ги поседуваат кандидатите за вработување. Работодавачите се запознаени со Активните програми и мерки за вработување и имаат желба да вршат обука на работно место и да ангажираат лица на стажирање. Во однос на ефективноста на извршување на работните обврски од страна на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини, подеднакво ефикасно ги обавуваат работните обврски.

## б. Интервјуа со релевантни чинители на заедницата

Од интервјуата со локалните власти, агенциите, подрачните единици на министерствата и граѓанските организации, истите се изјаснуваат дека главните образовни бариери се недостигот на работно искуство и недостигот на специфични работни вештини. Најдобар начин за надминување на образовните бариери, според интервјуираните чинители е поголема вклученост во формалното и неформалното образование, како и учество во мерките за стажирање за зголемување на работното искуство.

Во однос на бариерите за неактивност на пазарот на трудот, сметаат дека неактивноста пред сè се должи на трошоците за чување деца и домашните обврски, трошоците за транспорт, како и традиционалните и религиозните причини. Исто така, дел од интервјуираните чинители, се изјаснија дека постои мрзливост, незаинтересираност кај невработените и предрасуди и скриена дискриминација кај работодавачите. Најдобар начин за надминување на бариерите за неактивност, според интервјуираните чинители, е мотивирање за барање работа, советување, обуки, подигање на свеста за барање работа и надминување на етничките разлики.

Бариери за самовработување и отворање на сопствен бизнис, преставуваат недостигот на претприемачки вештини, финансиските средства, потребата од мотивација за започнување на сопствен бизнис и информираност за можностите кои постојат. За надминување на овие бариери, најсоодветно според интервјуираните чинители е

зголемувањето на иницијативите за самовработување кои ги имплементира центарот за вработување во Делчево, со што би се зголемил опфатот на лицата кои учествуваат во мерките за отпочнување бизнис. Исто така, потребен е индивидуален пристап со жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини за зголемување на нивната мотивација за учество во мерките за вработување и обуки за зголемување на нивните претприемачки вештини.

Според интервјуираните чинители на заедницата, самовработувањето би можело да биде реализирано во сите области на стопанството. Сепак, дел од интервјуираните мислат дека најадекватно за жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини, би било ангажирањето за нега на постари лица, чување деца, шиење и везење, како и земјоделство и сточарство.

# ПРИЛОГ 1:

**Прашалник за жени од руралните средини припаднички на етничките малцинства**

## Прв дел : За сите учесници

Име и Презиме: ......................................................................................................

Место на живење : . ..................................................................................................

(Во прашањата од првиот дел може да дадете само еден точен одговор)

1.Години 15-24 ☐ 25-49 ☐ 50-64 ☐

2.Национална припадност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ромска | ☐ | Турска | ☐ |
| Албанска | ☐ | Влашка | ☐ |
| Бошњачка | ☐ | Српска | ☐ |
| Македонска | ☐ | друга | ☐ |

3. Каков е вашиот статус ?

Вработена ☐
Вработена во сопствено претпријатие ☐
Работам, но немам засновано работен однос ☐
Невработена, но активно барам работа ☐
Невработена, посетувам формално или неформално образование ☐
Невработена, не барам работа ☐

4.Имате завршено:

Без образование ☐
Незавршено основно образование ☐
Основно образование ☐
Средно стручно образование од 3 години ☐
Средно стручно образование од 4 години ☐
Средно гимназиско образование ☐
Високо образование и повеќе ☐

5. Дали имате работно искуство ? Да / Не

(Ако одговорот е ДА, означете некој од долунаведените одговори)

Помалку од 1 година ☐ Од 1 до 5 години ☐ Повеќе од 5 години ☐

Објаснете го вашето работно искуство:____________________________________________

______________________________________________________________________

6. Лице со посебни потреби? Да / Не

7. Припаѓа на други ранливи групи? Да / Не

(деца без родители, поранешни затвореници, итн.)

## Втор дел : За невработени лица

1. Дали сте регистрирани како невработен во Агенцијата за вработување? Да/ Не
(Ако одговорот на прашањето е ДА , означете некој од наведените одговори)

Помалку од 1 година ☐

Повеќе од 1 година ☐

( Во понатамошните прашања може да означите повеќе одговори)

2. Дали сакате да работите? Да / Не

(Ако одговорот на прашањето е ДА)

Не барам работа, затоа што работодавачите во мојот регион ретко бараат работници со моите вештини ☐

Не барам работа, затоа што работодавачите во мојот регион ретко бараат работници на моја возраст ☐

Не барам работа, живеам од социјална помош ☐

Не барам работа поради приватни причини ☐

Друго:________________________________________________________________

________________________________________________________________

Барам работа секој ден и ги следам огласите на интернет, во весниците, во Центарот за вработување и сл. ☐

Барам работа еднаш на 30 дена и ги следам огласите на интернет,во Центарот за вработување и сл. ☐

Барам работа еднаш на 3 до 6 месеци ☐

Друго:________________________________________________________________

________________________________________________________________

3. Имате ли некои приватни причини или физички фактори, кои не ви дозволуваат да работите, или не ви дозволуваат да работите со полно работно време? Да / Не

(пр.домашни обврски, транспорт до работа, традиционални причини, болест и др.)

(Ако оговорот е ДА, ве молиме објаснете) ________________________________________

________________________________________________________________

## Трет дел : За сите учесници

1. Наведете конкретен пример за работа, која би сакале да ја работите согласно вашите квалификации! ________________________________________________________

________________________________________________________________

2. Дали за посакуваната работа ви треба дополнителна обука? Да / Не

(Ако оговорот е ДА, ве молиме објаснете)________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

3. Дали за посакуваната работа имате доволно работно искуство? Да / Не

4. Наведете ги вештините кои ги поседувате!________________________________________



л да се обезбедат информации за планирање и креирање на активности што ќе водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истраж
стојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со цел д
азарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за
водат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

5. Дали сте спремни да посетувате практична обука за определено работно место?

Да / Не

6. Во однос на работните часови, за вас најсоодветно е:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Полно работно време | ☐ | Наутро | ☐ |
| Скратено време | ☐ | Попладне | ☐ |
| Флексибилно време | ☐ | Навечер | ☐ |
| | | Викендите | ☐ |
| | | Од дома | ☐ |

7. Дали сте информирани за Активните програми и мерки за вработување, кои ги имплементира Агенцијата за вработување на РМ? Да / Не

8. Дали сте размислувале да отпочнете свој бизнис, преку кој би се самовработиле?

Да / Не

(Ако одговорот е ДА, ве молиме објаснете со каков бизнис сакате да започнете)____________________

______________________________________________________________________________

**Бариери**

Кои се главните бариери за вработување кај работодавач или самовработување?

а) Образовни

Недостиг на вештини за читање ☐

Говорењето и пишувањето на македонскиот јазик ми претставува проблем ☐

Недостиг на IT вештини ☐

Недостиг на комуникациони вештини ☐

Недостиг на специфични работни вештини ☐

Недостиг на работно искуство ☐

б) Неактивност

Неможност да работам поради домашните обврски ☐

Партнерот не ми дозволува ☐

Преголеми се трошоците за чување на децата ☐

Преголеми се трошоците за транспорт ☐

Традиционални или религиозни причини ☐

Други причини: ______________________________________________________________

______________________________________________________________________________

в) Отпочнување на сопствен бизнис

Недостиг на претприемачки вештини ☐

Недостиг на финансиски средства за започнување на бизнис ☐

Недостиг на самодоверба ☐

Други причини: ______________________________________________________________

______________________________________________________________________________

# ПРИЛОГ 2: Прашалник за интервјуирање на работодавачи

## Прашалник за работодавачи

Назив на работодавачот (фирмата): ..............................................................................

Седиште на работодавачот : .........................................................................................

Претежна дејност (сектор) : ..........................................................................................

Број на вработени    1-9 ☐    10-20 ☐    21-50 ☐    50+ ☐

Број на вработени, жени од рурална средина, припаднички на помалите етнички заедници:

0 ☐    1-3 ☐    3-9 ☐    10+ ☐

1. Дали имате проблеми при наоѓање на соодветни работници?

Никогаш немам проблеми ☐

Понекогаш имам проблеми ☐

Често имам проблеми ☐

Секогаш имам проблеми ☐

(Во понатамошните прашања може да означите повеќе одговори)

2. Во однос на изборот на работници, најчесто проблеми се јавуваат при пополнување на работно место, каде што е потребно лице со:

Помалку од основно образование ☐

Основно образование ☐

Средно гимназиско образование ☐

Средно стручно образование ☐

Високо образование и повеќе ☐

3. Дали се сретнувате со потешкотии, во однос на поседувањето на меките вештини и писменоста при наоѓање на работници? Да / Не

(Ако одговорот е ДА, означете некој од долунаведените одговори)

Недостиг на вештини за читање и пишување ☐

Недостиг на IT вештини ☐

Недостиг на комуникациони вештини ☐

Друго:________________________________________________________________

________________________________________________________________

4. При избор на кандидати за вработување, дали се сретнувате со потешкотиии во однос на потребните квалификации, вештини или работно искуство? Да / Не

(Ако одговорот е ДА, означете некој од долунаведените одговори)

Недостиг на квалификации ☐

Недостиг на специфични работни вештини ☐

Недостиг на работно искуство ☐

Друго:________________________________________________________________

________________________________________________________________

5. Дали сте запознати со Активните програми и мерки за вработување кои ги имплементира Агенцијата за вработување на РМ? Да / Не

6. Дали спроведувате доквалификација или преквалификација на вработените?

Да / Не

7. Дали сте спремни да примите лица на практична обука на определено работно место? Да / Не

8. Дали имате потреба од нови вработувања во наредните 12 месеци? Да / Не

(Ако одговорот е ДА, наведете на кои работни позиции)

________________________________________

(Понатамошните прашања се однесуваат за лицата кои сакаат да работат или се вработени во вашата фирма, а се припаднички на помалите етнички заедници кои доаѓаат од руралните средини)

9. Кои се најчестите слабости, кои ги воочувате при изборот на кандадати за вработување?

Недостиг на меки вештини (тимска работа, комуникациски вештини...) ☐

Недостиг на квалификации и специфични работни вештини ☐

Недостиг на работно искуство ☐

Друго:________________________________________

________________________________________

10. Доколку во вашата фирма имате вработено припаднички од горенаведената целна група, дали истите имаат проблеми во однос на :

Интерперсоналната комуникација ☐

Нетолерантност од страна на вработените ☐

Одговорноста при извршување на работните задачи ☐

Друго:________________________________________

Не постојат проблеми ☐

11. Каква е ефективноста во однос на извршувањето на обврските во однос на поставените цели и работни задачи во споредба со другите вработени?

Подобра во однос на другите работници ☐

Иста како на другите работници ☐

Полоша во однос на другите работници ☐

12. Дали имате потреба од работници со скратено/флексибилно работно време?

Да / Не

Ако одговорот е ДА, означете некој од долунаведените одговори:

Наутро ☐

Попладне ☐

Навечер ☐

Викендите ☐

Од дома ☐

Објасни: ________________________________________

________________________________________



состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со це
зарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за со
одат кон зајакнување на положбата на истите. Се истражува досегот на социјалната исклученост на жените од руралните средини на па

## ПРИЛОГ 3: **Прашалник за интервјуирање на релевантни чинители на заедницата**

Прашалник до релевантните чинители на заедницата, во однос на бариерите на пазарот на труд кај жените од руралните средини, кои се припаднички на помалите етнички заедници

Назив на организацијата: ........................................................................................

Седиште на организацијата: ......................................................................................

( Во понатамошните прашања може да означите повеќе одговори)

**I дел**

1. Кои се главните образовни бариери, за вработување кај работодавач или самовработување на жените од рурални средини кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Недостиг на вештини за читање ☐

Говорењето и пишувањето на македонскиот јазик им претставува проблем ☐

Недостиг на IT вештини ☐

Недостиг на комуникациони вештини ☐

Недостиг на специфични работни вештини ☐

Недостиг на работно искуство ☐

Други причини: ____________________________________________

2. Според вас, кои се најдобрите начини за надминување на образовните бариери?

Објаснете: ____________________________________________

3. Дали постојат регионални/локални иницијативи за надминување на образовните бариери за вработување кај работодавач или самовработување, кај жените од руралните средини кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Објаснете: ____________________________________________

**II дел**

4. Кои се главните бариери за неактивност на пазарот на трудот (не бараат работа) на жените од руралните средини кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Неможност да работат поради домашните обврски ☐

Партнерот не им дозволува ☐

Преголеми се трошоците за чување на децата ☐

Преголеми се трошоците за транспорт ☐

Традиционални или религиозни причини ☐

Други причини: ____________________________________________

5. Според вас, кои се најдобрите начини за надминување на бариерите за неактивност?

Објаснете: ____________________________________________

6. Дали постојат регионални/локални иницијативи за надминување на бариерите како што е неактивност на пазарот на трудот, кај жените од руралните средини кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Објаснете: ____________________________________________

**III дел**

7. Кои се главните бариери за самовработување и отворање на сопствен бизнис, кај жените од руралните средини, кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Недостиг на претприемачки вештини ☐

Недостиг на финансиски средства за започнување бизнис ☐

Недостиг на самодоверба ☐

Други причини: ______________________________

8. Според вас, кои се најдобрите начини за надминување на бариерите за самовработување и отворање на сопствен бизнис на жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници?

Објаснете: ______________________________

9. Дали постојат регионални/локални иницијативи, за надминување на бариерите за самовработување и отворање на сопствен бизнис кај жените од руралните средини, кои се припаднички на помалите етнички заедници?

Објаснете: ______________________________

10. Според вас, во која област би можеле успешно да водат сопствен бизнис жените од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници?

Земјоделство (на пр. овоштарник, раноградинарски култури, сточарство и сл.) ☐

Трговија на големо и мало (на пр. земјоделска аптека, мини маркет и сл.) ☐

Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (на пр. агротуризам, кетеринг служба, слаткарница и сл.) ☐

Други услужни дејности (на пр. нега на постари лица, чување на деца, шиење и везење и сл.) ☐

Други: ______________________________

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nsvrab.pdf

Министерство за труд и социјална политика, Оперативен план за активни програми за вработување за 2013 година, http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96

Министерство за труд и социјална политика, Стратегија за Ромите во Република Македонија, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_romi.pdf

Министерство за труд и социјална политика, НАП за вработување, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/akcioneni_planovi.pdf

Совет за развој на Источниот плански регион, Програма 2009 – 2013 за развој на Источен плански регион, www.rdc.mk/eastregion/images/programazarazvojnaipr.doc

Министерство за локална самоуправа, Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година, http://e-demokratija.mk/documents/10157/26930/Стратегија+за+регионален+развој+на+Република+Македонија+2009-2019

Центар за истражување и креирање на политики, Перспективи на жените од рурална средина, 2012 година, http://www.unifem.sk/uploads/doc/MKDweb2.pdf




состојбата на пазарот на трудот на жените припаднички на помалите етнички заедници од руралните средини во Источниот регион, со це
зарот на трудот, а истовремено ги изразува нивните потреби и предизвици за само (вработување).Овој извештај врши истажување за со

# СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ


ВОВЕД ....................................................................................................3

1 ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ....................................................................................4

2 МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ......................................................8

1.Цели на истражувањето..........................................................................8

2.Организација на истражувањето .............................................................9

3. Методологија на истражувањето ............................................................9

3 ОПШТ КОНТЕКСТ НА СОСТОЈБАТА СО ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА НА РАБОТНА СИЛА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ СО ФОКУС НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН ...7

1. Работоспособно население, активност и вработеност ................................8

2. Невработеност ........................................................................................9

4 МАПИРАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА И ПОНУДАТА НА РАБОТНА СИЛА СПОРЕД НИВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН ....................................................... 15

1. Мапирање на понудата и побарувачката согласно податоците од соопштенијата за слободни работни места по региони................................ 15

2. Мапирање на понудата и побарувачката во Република Македонија согласно со податоците од соопштенијата за невработени лица и Анализата за потреби од вештини на пазарот на трудот од Агенцијата за вработување на Република Македонија.......................................................................... 16

3. Мапирање на понудата и побарувачката во Источниот регион согласно податоците од соопштенијата за невработени лица и Анализата за потреби од вештини на пазарот на трудот од Агенцијата за вработување на Република Македонија............................................................................ 18

5 ПРЕГЛЕД НА АКТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО ОВОЈ РЕГИОН ................................ 21

6 АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО МОЖНОСТИ ЗА (САМО)ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ........................ 28

а. Програма за самовработување ........................................................ 29

б. Програма за финансиска поддршка на правни субјекти (мали и средни претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места. ................ 30

в. Субвенционирано вработување ........................................................ 31

г. Субвенционирање на вработување на деца без родители ....................... 31

д. Субвенционирање на вработување на инвалидни лица ........................... 31

ѓ. Програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјиште ........................................................ 31

е. Обука кај познат работодавач. ........................................................ 32

ж. Обука кај познат работодавач со субвенционирање ............................... 32

з. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот ........................................................ 32

ѕ. Обука за напредни ИТ вештини ........................................................ 32

и. Практикантство како прво работно искуство до вработување .............. 33

ј. Едукација за започнување бизнис ........................................................ 33

к. Организирање на јавни работи ........................................................ 33

7 АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН СО ФОКУС НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРИПАДНИЧКИ НА ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ........................................................ 34

1. АНАЛИЗА ВРЗ ОСНОВА НА АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ НА ЖЕНИ ОД ............. РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРИПАДНИЧКИ НА ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ........................................................ 35

2. АНАЛИЗА ВРЗ ОСНОВА НА ИНТЕРВЈУА СО РАБОТОДАВАЧИ И РЕЛЕВАНТНИ . ЧИНИТЕЛИ НА ЗАЕДНИЦАТА ........................................................ 40

**Прилог 1:** Прашалник за жени од руралните средини припаднички на помалите етнички заедници ........................................................ 42

**Прилог 2:** Прашалник за интервјуирање на работодавачи ........................ 45

**Прилог 3:** Прашалник за интервјуирање на релевантни чинители на заедницата ........................................................ 47